Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02) , член 5 став 15, член 7 став 3од Законот за Комунални дејности(„Сл.Весник на РМ„бр.95/12), согласно Програмата за Комунални дејности за 2023 година, а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр.08-5902/22 од 13.11.2020 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ КАБИНИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Член**

**Вовед**

Во Програмата за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2022 година, во глава Јавна чистота - во делот кој се однесува на тековно одржување на санитарни кабини, е предвиден буџет со коишто истите ќе се одржуваат редовно преку целата година, според потребите и фреквенцијата на користење, просечно по два пати до крајот на 2023 година.

Целта на програмата е изградената опрема заедно со кабините постојано да е функционална и во исправна состојба, затоа е потребно доколку дојде до оштетување на инвентарот редовно да се заменува .

На територијата на Општина Кавадарци монтирани и во функција се 16 санитарни монтажни кабини и тоа на локации:

- 1 санитарна кабина на ул.Страшо Пинџур с.Ваташа (наспроти спомен домот);
- 2 санитарни кабини на Градски парк “Љупчо Шкартов” (непосредно до јужниот влез на градскиот стадиот ГФК Тиквеш);
- 2 санитарни кабини на плоштад “Маршал Тито”;

- 1 санитарна кабина на ул.7ми Септември ( до првиот кружен тек );
- 2 санитарни кабини на бул.Вељко Влаховиќ ( непосредно до јавниот паркинг и црквата св.Петка);
- 2 санитарни кабини на ул.8-ми Септември ( до СРЦ Јасмин );
- 1 санитарна кабина на градски гробишта.
- Ваташа ( селски гробишта )
- ул. Киро Крстев ( пред таска )
- ул. Партизанска ( парк полана )
- ул. Димката Ангелов Габерот ( пешачки мост )
- ул. Илинденска бр. 119

Основните трошоци за одржување на санитарните кабини се дефинираат според нивното тековно оддржување во 2021/2022, и тоа според следната пресметка:

1. 104,00 денари/ден х 16 кабини х 2 пати дневно = 3.328,00 денари/ден.
2. 3.328,00 денари/ден х 30 дена = 99.840,00 денари/месечно.
3. 99.840,00 денари/месечно х 12 месеци = 1.198.080,00 денари/годишно.

ДДВ 5% = 59.904,00 денари.

ВКУПНО: **1.257.984,00 денари**.

За 2023 година се планира да се постават уште 5 броја, и за истите е предвидено редовно одржување.

1. 104,00 денари/ден х 5 кабини х 2 пати дневно = 1.040,00 денари/ден.

2. 1.040,00 денари/ден х 30 дена = 31.200,00 денари/месечно.

3. 31.200,00 денари/месечно х 6 месеци = 187.200,00 денари/годишно

ДДВ 5% 9.360.00 денара

**ВКУПНО 196.560.00 денари**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА со ДДВ

1.257.984,00 денари

196.560.00 денари

**ВКУПНО 1.454.544 денари**

Средствата предвидени за одржување се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци.

Користењето на санитарните монтажни кабини е бесплатно за граѓаните, и сите правни и физички лица.

` Надзорот над реализацијата на Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во општина Кавадарци ќе го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби и комуналната инспекција.

**Член 2**

Програмата влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**